**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ЗА 2021 ГОДИНА

jpacademy.gov.mk

# СОДРЖИНА

**I. ПРЕДГОВОР .......... 3**
**II. СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ .......... 3**
**1. Законска рамка и стратешки насоки .......... 3**
**2. Просторни капацитети .......... 6**
**3. Внатрешна организација и човечки ресурси .......... 7**
**4. Почетна обука .......... 8**
**5. Континуирана обука .......... 8**
**6. Домашна соработка .......... 14**
**7. Меѓународна соработка .......... 16**
**8. Информатички технологии (IT) .......... 25**
**9. Одржување и редовно ажурирање на веб-страницата .......... 25**
**10. Библиотека .......... 26**
**11. Буџет и инвестиции .......... 27**

Програма за работа на Академијата за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“ за 2021 година за судии

## I. ПРЕДГОВОР

Оваа Програма од самиот почеток се креира за да ја нагласи основната стратешка цел на Академијата – обезбедување професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавнообвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и во јавното обвинителство. Таа продолжува да се остварува и во текот на 2021 година, при што континуирано ќе се води сметка нејзината реализација да се одвива во склад со современите меѓународни принципи и стандарди, коишто истовремено се усогласени со потребите на националните судии и обвинители. Имајќи ја предвид новонастанатата состојба, предизвикана од пандемијата која значително го промени начинот на секојдневното функционирање, Академијата успеа да обезбеди услови сите нејзини активности да се одвиваат непречено. Оттука, Академијата будно ќе го следи развојот на состојбите на глобално и пред сѐ на државно ниво и во согласност со тоа ќе се адаптира, сѐ со цел во тековната 2021 година успешно да ги реализира предвидените активности, како што беше и во изминатата 2020 година која беше далеку попредизвикувачка.

## II. СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ

### 1. Законска рамка и стратешки насоки

Во 2021 година се очекува донесување на нов Законот за Академијата за судии и јавни обвинители кој ќе биде во склад со препораките на мисијата за оценување и со определените приоритетите во Акцискиот план којшто е изготвен според препораките на г. Рајнхард Прибе во однос на дејноста на Академијата, како и во согласност со препораките на експертите на ЕУ кои ја следат работата на Акдекмијата.

За да се одговори на препораките и сугестиите што се утврдени во Извештајот од мисијата за оценување на TAIEX за обука на судии и јавни обвинители за функционирањето и работата на Академијата, за Стратегијата за реформа на правосудниот сектор во периодот 2017-2022 година со Акцискиот план, како и за да се креира еден целовит текст кој конзистентно ги уредува сите прашања, во 2020 година Министерството за правда формираше работна група составена од претставници на судството и обвинителството (а истовремено и членови на Управниот одбор на Академијата), од претставници на Министерството за правда, од претставници на граѓански организации кои се активни во правосудниот сектор, и со директорот на Академијата, за да се работи

на подготовка на нов законски текст за АСЈО. Законскиот текст беше повлечен од страна на Министерството за правда по последните парламентарни избори и во моментот се финализира во склад со препораките на ЕУ, по што ќе се проследи до Собранието на Северна Република Македонија. Се очекува новиот закон за Академијата да биде донесен оваа тековна година.

По донесување на новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители, Академијата, во текот на 2021 година, ќе ги преземе сите потребни активности во насока на негова успешна имплементација. Управниот одбор на Академијата ќе работи и на усогласувањето на подзаконските акти – статутот и правилниците со кои се регулираат внатрешната организација и начинот на вршење на дејноста на Академијата (почетната, континуираната обука и други прашања).

Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст АСЈО), и во наредниот период посветено ќе работи на имплементацијата на стратешките цели и насоки кои се предвидени во Стратегијата преку реализација на мерките и активностите што се предвидени во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата, а кои се поврзани со дејноста на Академијата, како и на препораките од Извештајот од мисијата за оценување на TAIEX за обука на судии и јавни обвинители, и тоа:

-Зајакнување на системот на континуирана едукација на судиите, судските соработници, јавните обвинители и нивните соработници.

-Подготовка на судиите и јавните обвинители за функционирање во единствениот европски простор на правда и за доследна примена на Европската конвенција за човековите права и на другите меѓународни конвенции за човековите слободи и права.

-Изедначување на судската пракса преку зголемен обем на обуки на судиите во рамките на АСЈО за анализа на објавените судски одлуки.

-Утврдување на нов начин на полагање на испитите во Академијата и воведување усно и писмено полагање на кандидатите пред стручни комисии, а врз основа на мерливи и објективни критериуми за процена на нивните знаења (ќе се уреди со новиот закон).

-Редефинирање на програмите и методите за изведувањето на обуките за почетната обука и за континуираната обука на судиите и јавните обвинители како и за стручните соработници во судовите и обвинителствата.

- Доекипирање на АСЈО проследено со обезбедување соодветни просторни услови.

- Спроведување опсежна анализа на потребите за обуки на целните групи.

-Јакнење на капацитетите на судската и јавнообвинителската служба.

- Имплементација на мерката за зајакнување на капацитетите за буџетско планирање и финансиско управување преку континуирани обуки во рамките на

АСЈО, во делот на буџетското и финансиското управување во правосудните институции.

- Имплементација на мерката за електронско поврзување на системите, за зајакнување и подобрување на соработката, со спроведување обуки за користење на системот за интероперабилност во рамките на АСЈО, во делот на воспоставување интероперабилност на јавното обвинителство со Министерството за внатрешни работи, со Управата за финансиска полиција, со Царинската управа, со Управата за јавни приходи, со судовите и со други релевантни институции.

- Креирање е-библиотека.

- Зајакнување на капацитетите на правосудниот сектор за односи со јавноста преку обуки на лицата за односи со јавност.

- Функционален систем на пробација и други алтернативни мерки преку обуки на судии што судат кривична материја во областа на алтернативните мерки и пробацијата.

- Градење култура и свест за сопствена лична и институционална одговорност во работата на судството и обвинителството преку континуирани обуки за етичко однесување во рамките на АСЈО.

- Редовни обуки на судиите и јавните обвинители заради правилно толкување и имплементација на нови закони или измени и дополнувања на законите, по нивното донесување.

- Обука на судиите и судските соработници на Вишиот управен суд и на Управниот суд за соодветна имплементација на новиот Закон за управните спорови; Јакнење на капацитетите на јавните органи за самостојно да ја бранат законитоста на решенијата во управните спорови, со обуки на службените лица за учество во управните спорови и во рамките на АСЈО.

- Изедначување на судската практика при решавање на споровите од управните договори преку специфични обуки на судиите на управното судство што ќе се спроведат од страна на домашни и меѓународни експерти за различни видови управни договори и од искусни управни судии коишто судат ваков вид спорови во други држави.

- Редовни обуки на судиите за примена на практиката на ЕСЧП и за извршување на пресудите на ЕСЧП.

- Зајакнување на капацитетите на правосудниот сектор и на другите надлежни органи што се вклучени во системот за правда за децата преку обуки во рамки на Академијата, за соодветна имплементација на Законот за правда за децата со применет интердисциплинарен пристап.

- Јакнење на капацитетите на правосудниот сектор за меѓународна соработка во кривичната и граѓанската материја преку обуки во рамките на Академијата.

- Воспоставување стабилен граѓанско правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и преку негово усогласување со европските стандарди и со современите општествени текови во делот на спроведување на континуирани специјализирани обуки за примена на законите во граѓанско-правната област.

- Обуки на обучувачите, што се наменети за предавачите во почетната и во континуираната обука со фокус на начелата за учење на возрасни, на методите, техниките и алатките за правилно осмислување и спроведување на обуките, за да се обезбеди ефикасен процес на едукација, вклучително и подготовка на курикулум за обуките и за последователните активности по завршената обука, како и подготовка на прашалник за поствалуација односно оцена на ефектот од спроведената обука.

- Унапредување на квалитетот на обуките преку акцентирање на практичните аспекти вклучително со анализа на објавените судски одлуки што би биле значајни за изедначувањето на судската пракса во согласнст со европските стандарди како и со компаративен приказ на судската пракса на земјите во регионот. Исто така и стимулирање на меѓународната размена на искуства, и користење на практиката на ЕСЧП.

- Поттикнување на е-учење помеѓу целните групи преку развој на модули и алатки за е-учење и учеството во е-модули во задолжителна континуирана обука.

- Развој на соодветни прирачници и на други материјали за обука на целните групи вклучително и собирање и анализа на јуриспруденцијата, на применети научни трудови и на други корисни публикации (препорака од мисијата за оцена).

## 2. Просторни капацитети

Обезбедување соодветни просторни и технички услови е стратешка цел и насока чија реализација е од особена важност за ефикасно функционирање на Академијата. Во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор од 2017 до 2022 година, за реализација на оваа стратешка цел е предвидена мерката „Изградба на нови просторни услови“, со континуирана реализација од почетокот на 2019 до 2022 година.

Просторните капацитети во кои е сместена Академијата се покажаа како несоодветни, неадекватни и недоволни за реализација на нејзите цели и задачи, заради што во изминатите години Академијата се залагаше за решавање на овој проблем во рамките на соработката со правосудните институции и со Министерството за правда.

Проблемот беше особено изразен во 2020 година со оглед на тоа дека 60 кандидати од седмата генерација слушатели на почетната обука ја следеа

теоретската настава, заради што беа поделени во две помали сали, чиј капациетот е максимум до 30 учесници. Овој проблем ќе се зголеми со приемот на нови 97 слушатели во почетната обука од осмата генерација.

Ваквата состојба значи дека Академијата ќе се соочи со уште поголем проблем поради недоволен простор и несоодветни услови за реализација на нејзините основни дејности.

Евидентно е дека динамиката на предвидените активности во рамки на континуираната и почетната обука, на бројот и типот на настаните, на користената методологија, бараат адекватни простории, пред сè заради нивна поуспешна и поквалитетна реализација. Надминувањето на проблемот со неадекватните просторни услови е од исклучителна важност и не трпи одложување. Препорачливо е да се направат обиди за потрајно решение на просторните услови за Академијата, односно, да се добие нова градба што ќе соодветствува со значењето и со институционалната поставеност на Академијата во правосудниот систем на Република Северна Македонија.

Процесот на дигитализација на правосудството е приоритет којшто е на врвот од агендата на Владата на Северна Македонија, и во 2020 година беа направени првите реални чекори со спроведувањето на онлајн судење од страна на Основниот суд Кавадарци. Во тековната 2021 година Академијата ќе ги следи сите промени што се опфатени со овој процес и ќе ги усогласи своите активности за да го помогне овој процес, а што ќе резултира со потреба од зголемен број обуки со кои ќе бидат опфатени поголем број учесници. Имено, директорот на Академијата и државниот советник се членови на работната група при Министерството за правда којашто ќе го развива овој концепт. За да се добијат поефикасни информации за успешно финализрање на овој процес, Академијата во рамки на соработката со институциите за правосудна обука на Косово и Турција реализираше две посети во првата половина на 2021 година. Истовремено, преку воспоставување на видеоврска меѓу судовите и Академијата ќе се овозможи спроведувањето на обуките, а за кандидатите на почетната обука ќе се овозможи и учење преку системот на know-how односно практично следење и коментирање на случаите во живо од судница, под водство на менторите. Во овој склоп на активности, Академијата со поддршка на Советот на Европа ќе оформи е-библиотека која ќе служи за слободно користење од страна на сите правни професионалци во нашата држава.

## 3. Внатрешна организација и човечки ресурси

Во текот на 2021 година, Академијата ќе продолжи како и досега да ги почитува законските обврски што произлегуваат од Законот за

административните службеници и од Законот за вработените во јавниот сектор, коишто се поврзани со човечките ресурси.

Кадровското доекипирање е исто така стратешка цел чија реализација е од особена важност за ефикасно функционирање на Академијата.

Академијата на почетокот на 2021 година успешно го реализираше унапредувањето на четворица вработени. Со оглед на тоа дека ова се првите унапредувања по подолг временски период, Академијата покажа дека вработените се значајна алка во успехот на Академијата и дека нивната работа и вложениот труд се ценат.

Предвидено е учество на вработените на обуки кои ќе придонесат за нивните знаења и вештини со што ќе се зголеми продуктивноста на работните места.

Во март 2021 година во рамките на соработката со Амбасадата на САД еден вработен беше дел од Програмата за лидерство во чии рамки се одржуваше тринеделна онлајн обука за едукација во дигитална ера.

Раководните органи и стручната служба ќе продолжат со извршување на обврските што произлегуваат од членството во одделни работни групи за спроведување на планираните активности за 2021 година.

## 4. Почетна обука

Приемениот испит за 8. генерација кој започна во септември 2020 година, по распишаниот оглас на 22 септември 2020 година за прием на 97 слушатели во почетната обука на Академијата, до крајот на 2020 година стигна до фазата на квалификациски тест. Во 2021 година продолжува реализацијата на останатите фази од приемниот испит, како што следат во согласност со законот за Академијата: психолошки, тест за интегритет, и испит кој е сочинет од писмен и устен дел. Предвидено е приемниот испит да заврши во втората половина на 2021 година, поточно, по завршување на сите фази од примениот испит и на управно-судските постапки.

Истовремено, во 2021 година во тек е спроведувањето на теоретската настава за слушателите од 7. генерација во почетна обука. По завршување на третиот модул од теоретската настава, годинава во текот на летото, слушателите ќе продоложат со практичниот дел, односно со процесот на менторирање.

## 5. Континуирана обука

Континуираната обука е најопсежниот сегмент од работењето на Академијата и опфаќа целни групи од трите главни програми за обука, и тоа: од

општата програма за задолжителна континуирана обука, од специјализираната програма за задолжителна континуирана обука и од специјализираната програма за доброволна континуирана обука.

Основна обврска на Академијата и во 2021 година претставува реализацијата на Планот на обуки за 2021 година, кој е изготвен врз основа на спроведената и сеопфатно напишаната методологија за оцена на актуелните потреби за обука, во тесна соработка со претседателите на судовите, со јавните обвинители на јавните обвинителства, со ССРСМ и СЈОРСМ, за да се креираат програми што ќе одговорат на потребите на потесно определените целни групи, како од аспект на правните подрачја и теми што ќе бидат опфатени со програмите, така и од аспект на методологијата на обучување, со тоа што стекнатите знаења и вештини ќе бидат применливи во секојдневното извршување на работните обврски и практицирање. При креирањето на Планот на обуки се земаат предвид и обврските што произлегуваат од НПАА, од Извештајот на ЕК за напредокот на РМ и од обврските што произлегуваат од извештаите на другите меѓународни организации и мониторинг-механизми на планот на обуката, заради натамошно унапредување на професионалноста и стручноста на домашното правосудство, како гарант за начелото на владеење на правото и за заштитата на човековите права и слободи. Увидот во годишните извештаи за работа на судовите и обвинителствата овозможува да се лоцираат областите во кои има најголема потреба од обука, потоа се земаат предвид и промените во материјалното и процесното законодавство, сумираните резултати од евалуацијата на прашалниците, и од предлозите на предавачите.

Во рамки на унапредувањето на програмите за едукација, посебен акцент ќе се стави на обуките за практична примена на правото на ЕУ, на меѓународното право, особено на конвенциите, со фокус на примената на Европската конвенција за човекови права и стандардите на Европскиот суд за човекови права, како и за подигнување на нивото на способностите за правно образложување и правно аргументирање на одлуките и техниките на пишување на истите и за користење на стандардите на ЕСЧП при аргументација на одлуки.

Академијата како членка на оваа мрежа, активно учествува во Програмата HELP, чија цел е интегрирањето на ЕКЧП и јуриспруденцијата на ЕСЧП во редовните програми за обука на судиите и јавните обвинители во сите 46 земји членки. Од особено значење во рамките на оваа програма е што Академијата започна со дизајнирање на македонска веб-страница за далечинско учење за оваа област. Во рамки на соработката со HELP-програмата во 2021 година за судиите и јавните обвинители планирани се курсеви со нови теми што се преведени на македонски јазик (вовед во ЕКЧП, биоетика, правда за децата, трговија со луѓе и др.)

Програма за работа на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ за 2021 година за судии

Еден од приоритетите на Академијата е креирањето и воспоставувањето модули за е-учење за судиите и јавните обвинители, што ќе продолжи да се усовршува со надградување на порталот со повеќе нови модули.

Академијата во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје уште во 2016 година започна со создавање платформа за е-учење за Законот за кривична постапка заради зачувување и пренесување на сите материјали кои произлегоа од напредните обуки за ЗКП, спроведени по донесување на законот во 2010 година. Платформата е прикачена на веб-страницата на Академијата и е функционална, едноставна и корисна алатка, а материјалот се состои од пауерпоинт-презентации, прирачници, вежби, видеоматеријали, аудиоматеријали и тестови.

Особено внимание ќе се посвети и на подобрување на системот за подготовка и организација на континуираната обука, со употреба на стандардизираните обрасци на програмите за обуките и со воведување постојани едукаторски тимови кои ќе изготвуваат материјали за обука за посебни области заради ефикасност на обуките. Подобрувањето на работата во однос на подготовка на материјалите за обука треба да вклучи собирање и анализа на јуриспруденцијата, на применети научни трудови и на други корисни публикации наменети за учесниците на обуките.

Во насока на унапредување на вклученоста на судската практика во наставните планови на Академијата, ќе продолжи практиката на организирање тркалезни маси со учество на Врховниот суд на РСМ и на апелациските судови, за разгледување одделни прашања од кривичната и од граѓанската област, заради изедначување на судската практика во однос на истите. За таа цел, од големо значење е учеството на предавачи од судовите и обвинителствата од повисоките инстанции за презентација на судската практика и за изработка на квалитетни наставни материјали.

Од особено значење во иднина ќе биде соработката со двата совета во правец на утврдување на индивидуалните потреби на секој судија и обвинител за обука и за усовршување, особено со оглед на резултатите од годишната евалуација и оцена на нивната работа, а заради унапредување на нивните знаења во оние сегменти каде што ќе има потреба од подобрување на квантитетот и квалитетот на работењето.

Понатаму ќе се унапредува веќе воспоставената практика на заеднички обуки со другите правни професии, односно со сите целни групи кои ги спроведуваат законите од областа на правосудството, со адвокати, нотари, медијатори, извршители, со претставниците од Министерството за правда, со Царинската управа, Управата за јавни приходи, со ДКСК итн.

Во рамки на меморандумот за соработка со Здружението на новинари, планирано е одржување на работилници за унапредување на знаењето на

новинарите и субјектите во правосудството во областа на вербалните деликти, на новите трендови во говорот на омраза и на мерките за нивна превенција како и за дигитална безбедност.

Во 2021 година Академијата ќе продолжи со организација на обуки во врска со практичната примена на процесните закони.

Во согласност со оцената на потребите на судиите од одделите за трговски спорови, но и поради потребата од зајакнување на бизнис-климата и деловното опкружување, и во 2021 година ќе продолжи организацијата на обуки од областа на трговското право, на актуелни теми, вклучувајќи ја не само националната, туку и регулативата на ЕУ.

Од особена важност ќе биде зголемувањето на бројот на обуки и подготовката на материјали за истите, од областа на европското и меѓународното право. Заради постигнување висок квалитет на овие обуки, Академијата ќе настојува и во иднина да обезбедува поголем број странски предавачи од овие области од највисок ранг (судии и јавни обвинители, судии на меѓународните судови, угледни професори, но и истакнати експерти од соодветната област).

Заради ефектуирање на стекнатите знаења и искуства за време на студиските престои и конференции во странство, доколку тоа го дозволи состојбата, од учесниците ќе се очекува да ги презентираат научените лекции и компаративните искуства, за нивна поширока примена на домашното правосудство, а и во бенефитот од добиените материјали и знаења да се вклучат поширок круг лица.

Академијата, во соработка и со финансиска поддршка на Амбасадата на САД во Република Северна Македонија, во 2021 година ќе продолжи со реализцијата на активностите што се поврзани со организацијата на обуките и со едукативните настани за судиите и јавните обвинители, како и за останатите правни професионалци кои ќе бидат дел од таргет-групите, на актуелни теми од областа на правото. Истовремено, ќе биде поддржан и развојот на електронската платформа на Академијата која е прикачена на веб-страницата на Академијата, како и развојот на електронската библиотека.

Ќе се продолжи со реализација на обуки од областа на спроведувањето на антикорупциската политика и на измените на КЗ и тоа посветени на спречувањето, превенцијата и меѓуресорската соработка во областа на корупцијата, на проширената конфискација и одговорност на правните лица, во соработка со ДКСК, УСАИД и Транспаренси интернашнл Македонија во рамки на нов проект чија реализција се очекува да започне во април 2021 година. Академијата во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје ќе продолжи со одржувањето напредни обуки од областа на заштитата од дискриминација, на говорот на омраза и криминалот од омраза, од областа на правата на лицата со хендикеп, правата на децата, забраната на тортура и нехумано и деградирачко

однесување, како и на почитувањето и заштитата на правата на малцинствата и културните права.

Како дел од соработката со Одделот за човековата димензија при Мисијата на ОБСЕ, предвидена е и реализција на два онлајн курса посветени на безбедноста на интернет кои ќе бидат изработени од страна на екпсерти, со кои ќе бидат опфатени судиите и јавните обвинители, како и кандидатите од почетната обука на Академијата.

Академијата ќе продолжи и со континуирана обука на судските и јавнообвинителските службеници, во согласност со тригодишна рамковна програма и со Годишниот каталог за обука за овие целни групи, што е изработен во тесна соработка со Здружението на судска администрација, со Советот на судската служба и со Јавното обвинителство на РСМ, при изборот на предавачите и темите.

Исто така, во насока на унапредување на континуираната обука, во текот на 2021 година во план е да се преземаат следниве активности:

- Донесување нов Закон за Академијата, кој е во завршна фаза. Директорот на Академијата е член на работната група при Министерството за правда кое работи на изготвувањето на овој закон, па оттука, сите активности поврзани со новиот Закон ќе бидат навремено преземени и реализирани во тековната 2021 година.
- Унапредување на системот за процена на потребите за обука (со помош на сите чинители во правосудството, особено со учество на повисоките судови и обвинителства во дизајнирањето на потребите за обука, кои ќе произлезат од конкретните потреби со оглед на бројот на предметите, бројот на укинати и преиначени одлуки во одделна област итн., и преку автоматизација на оценувањето на потребите за обука преку онлајн-прашалници и софтвер за нивна обработка).
- Унапредување на системот за контрола на квалитетот на обуките, собирање компаративни искуства од другите тренинг-институции за системот на оцена на ефикасноста на обуките и избор на најадекватен модел со оглед на националните состојби во правосудството, заради воведување прашалници за оцена на ефектот од обуките и автоматизирање на истото, преку онлајн-прашалници и софтвер за нивна обработка).
- Изработка на методологија за оценување на успешноста на почетната обука со оглед на развојот и прогресот на завршените и избрани кандидати за судии и јавни обвинители.
- Развивање и унапредување на модулите за обуки на обучувачи, за предавачите и менторите, во насока на унапредување на наставната методологија и квалитетот на наставните материјали, во согласност со најновите концепти на модерните школи за обука во Европа.
- Развивање на системот за е-учење за судиите, јавните обвинители, судската и јавнообвинителската администрација.

- Зголемување на бројот на едукатори по региони, особено од редот на судиите и обвинителите од повисоките инстанции.
- Здружување заради заеднички активности со другите академии од регионот, размена на експерти, заеднички тематски активности.
- Изнаоѓање проекти за развој на капацитетите на Академијата за вршење аналитичко истражувачки работи за потребите на правосудството.
- Натамошно јакнење на соработката со сродни странски институции и мрежи и создавање услови за подолготрајни студиски престои на судиите и јавните обвинители и извршување практика во ЕСЧП во Стразбур и ЕСП во Луксембург.
- Натамошно унапредување на воспоставената соработка на Академијата со коморите на адвокатите, извршителите, нотарите и др. (медијаторите и стечајните управници) заради хармонизирање на некои од наставните планови и курсеви со кои се опфатени целните групи од правосудството и членовите на наведените комори.
- Подобрување на наставните планови и програми за континуирана обука на судиите и јавните обвинители со фокус на темите што имаат значење за практиката, за изучувањето на судската практика како извор на правото, особено на практиката на ЕСЧП, за аргументација на пресудите, за стекнување вештини што се неопходни на судењата (техники на испитување, вклучително и техниките за соработка со деца, за професионална етика, психологија).
- Проширување и подобрување на наставните планови и програми за континуирана обука на судската и јавнообвинителската администрација.
- Спроведување проект за начинот на спроведување на правната аргументација на судските одлуки.
- Воведување континуирани обуки за усовршување на вештините на сите целни групи на Академијата за ИТ.
- Подготовка на програми за обуки за назначените портпароли во судовите и во обвинителствата за комуникациски вештини со јавноста и медиумите.
- Унапредување на програмата за раководните структури во судството и обвинителството со фокус на суштинските прашања за раководењето со правосудните институции, за управувањето со работата, за етичките и дисциплинските прашања, за буџетското, материјалното и финансиското работење.
- Унапредување на програмите за континуираната обука за судиите и јавните обвинители, како и за стручната служба во судовите и обвинителствата.
- Поставување и редовно ажурирање на наставни планови за континуирана обука во електронски библиотеки и на курсеви за учење од далечина.

- Во делот на почетната и на континуираната обука, предвидено е воведување механизими и алатки за утврдување на потребите од обуката и за процена на квалитетот на спроведената обука, за воведувањето на системот за избор, за подготовка на едукатори и пристап до „обука за обучувачи“.
- Усогласување на системот на континуирана обука со тековните промени во законодавството на Република Северна Македонија.

## 6. Домашна соработка

Академијата ќе продолжи да ја унапредува соработката со сите институции со кои непосредно соработува, особено со Врховниот суд на РСМ, со Јавното обвинителство на РСМ, со Судскиот совет на РСМ, со Советот на јавните обвинители на РСМ и со Министерството за правда, со Здружението на судиите и со Здружението на јавните обвинители, со Здружението за кривично право и криминологија, со Здружението на новинарите и со Македонската асоцијација на новинарите, потоа соработката со граѓанските организации и со цивилното општество. Од особена важност ќе биде и унапредувањето на соработката со Вишиот управен суд, со Управниот суд и со апелациските судови и вишите јавни обвинителства, во насока на успешна реализација на децентрализираната обука и на спроведување тркалезни маси за унапредување на усогласувањето и изедначувањето на судско-обвинителската практика.

Академијата континуирано ги следи мислењата и препораките на Венецијанската комисија во однос на сите нови закони што се донесени во нашата држава, па во согласност со тоа ги приспособува програмите на Академијата за почетна и континуирана обука.

Ќе се развиваат и унапредуваат специјализираните програми за обука на судовите од повисоките инстанции – тркалезни маси за апелациските судови и Врховниот суд на РСМ, за вишите јавни обвинителства, Јавното обвинителство на РСМ и за Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, за претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, на Вишиот управен суд, на Управниот суд, за Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, како и за Судско-буџетскиот совет.

Преку организирање заеднички и мултидисциплинарни обуки, со учество на предавачи и учесници од соодветни профили, ќе продолжи соработката со Адвокатската комора, Нотарската комора, Комората на извршители, Комората на медијаторите и со другите институции, професионални организации, првенствено со Здружението на судиите и со Здружението на јавните обвинители на РСМ и со

невладиниот сектор, со кои судиите и обвинителите остваруваат соработка на планот на спроведување на одделните закони.

Истовремено, Академијата ќе работи на реализација на обврските од склучените меморандуми со голем број домашни институции, како Центарот за обука при МВР на РСМ, Управата за јавни приходи, Комисијата за заштита од дискриминација, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и со другите министерства, државни инстититуции, со Правните факултети, заради промовирање на улогата и дејноста на Академијата во изборот на професијата и за привлекување на најдобрите студенти во правосудната професија.

Во согласност со Стратегијата за реформа на правосудниот сектор и со Акцискиот план, Академијата ќе продолжи успешно да соработува со сите судови, обвинителства и високообразовни институции, во насока на подобрување на квалитетот на целокупниот правосуден систем. Истовремено, преку разните обуки и други видови соработка ќе работи на согледување на разликите меѓу законите и на нивната применливост во праксата и континуирано ќе се предлагаат препораки за нивно унапредување. Имајќи предвид дека Академијата како институција преку своите активности во делот на континураната обука ги надградува знаењата и вештините на судиите и јавните обвинители, во однос на новите законски измени и во однос на секоја нова регулатива од областа во која судат и работат, Академијата во согласност со досегашната пракса и во 2021 година ќе се посвети на изработка на истражувачки и аналитички трудови што ја дефинираат разликата меѓу праксата и законските акти, со препораки за нивно унапредување.

Почетокот на 2021 година го одбележа и потпишувањето на меморандумот за соработката помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија. Меморандумот беше потпишан од страна на директорката на Академијата, проф. д-р Наташа Габер Дамјановска, од д-р Џемали Саити, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија и претседател на ЗСРСМ и од г. Иван Џолев, претседател на Кривичниот суд Скопје и претседател на Судско-медиумскиот совет при ЗСРСМ. Целта на потпишувањето на овој меморандум е да се зајакне меѓуинституционалната соработка, така што меѓусебните напори ќе се насочат кон поттикнување и афирмација на областите што се од заеднички интерес, како што се: судската транспарентност и континуираната обука на судии и јавни обвинители, учеството на членови од судско-медумскиот совет како предавачи на обуките како и учеството на правни експерти од Академијата во подготовката на Стратегијата за зајакнување на судската транспарентност што е предвидена со проектот „Зајакнување на улогата и функционалноста на судско-медиумскиот совет“, финансиран од Владата на САД, како и подготовката и промоцијата на други документи од областа на транспарентноста и односите со

медиумите. Меморандумот предвидува низа активности како што се: промовирање заеднички активности; организирање настани од интерес за двете институции; организирање обуки и семинари за потребите на Судско-медиумскиот совет; проширување на мрежата на соработка со други институции и организации; стручна помош и анализа за конкретни деловни проекти и потфати и т.н.

Академијата за судии и јавни обвинители во средината на месец февруари 2021 година потпиша меморандум за соработка со Институтот за европска политика, со Комората на медијатори на Северна Македонија и со Холандската федерација на медијатори за имплементација на Проектот „Медијација без дилема“, кој е финансиски поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. Во тековната година ќе се реализираат активностите што се предвидени со овој Проект, чија цел е промоција и зголемена употреба на медијацијата во земјава.

Во 2021 година Академијата ќе го продолжи своето учество во активностите што се поврзани со платоформата за Еколошка правда која е развиена од страна на Центарот за правни истражување и анализи во чиј фокус се теми поврзани со заштита на животната средина.

## 7. Меѓународна соработка

Академијата особено внимание ќе посвети на развојот и на унапредувањето на соработката со другите школи, во сите сегменти од заеднички интерес, а особено преку размена на законски и подзаконски акти, размена на учесници, предавачи, ментори, преку испраќање судии и јавни обвинители на студиски посети, особено со обезбедување можност за подолготрајни престои во Европскиот суд за човекови права.

Во текот на 2021 година продолжува воспоставената соработка со странските партнери и проекти во насока на организирање обуки на разни теми од правни области. Уште на самиот почеток на годината директорот на Академијата одржа две работни средби од кои едната со новиот амбасадор на Република Франција во Северна Македонија, Н.Е. Сирил Бомгартнер, како и со амбасадорот на Шпанија во Северна Македонија, Н.Е. Емилио Лоренцо Сера со кои беа разгледани можностите за проширувањето на веќе воспоставените соработки. Со оглед на тоа дека меѓународната соработка има важна улога во реализцијата на значаен дел од активностите на Академијата, посебно кога станува збор за правото на ЕУ, директорот на Академијата и во 2021 година ќе продолжи активно да ја промовира Академијата на меѓународен план, преку

одржување состаноци и средби со релвантни странски претставништва во земјата и надвор.

- **Европска Унија/ Совет на Европа**

Соработката со ЕУ и Совет на Европа е динамична, активна и контунирана и истата ќе продолжи интензивно да се развива и во текот на 2021 година. Преку програмите и проектите на ЕУ и на Советот на Европа, во Академијата се предвидува релизација на низа активности што ќе опфатат значајни сегменти за развојот и унапредувањето на правосудниот систем.

Во рамки на соработката помеѓу Академијата и Хоризонтал Фасилити/ JUFREX 2 во 2021 година ќе продолжи реализцијата на обуки за обучувачи и на каскадни обуки посветени на слободата на изразување и на заштитата на медумиските работници. Во 2021 година се планирани каскадни обуки и HELP онлајн курсеви за слободатс на изразување и за заштитата на новинарите. Доколку се создадат можности и со дозвола на Советот на Европа, ќе се спроведе и вториот дел од обуката за JUFREX-предавачите, со физичко присуство на тема „Методологија на предавање“.

Програмата ХЕЛП на Советот на Европа и Академијата постигнаа одлични резултати, посебно во 2020 година, при организирањето курсеви на значајни теми што претставуваше одличен фидбек за зајакнување на оваа соработка со која во 2021 година се предвидуваат низа курсеви за судиите и јавните обвинители на теми што се наметнаа како неопходни. Имено, веќе на почетокот на 2021 година беа реализирани два курса за слушателите на почетната обука на Академијата од седмата генерација кои беа посветени на актуелни теми за правата на децата и за биоетиката. Исто така, на почетокот од 2021 година, во рамки на програмата ХЕЛП беа организирани обуки наменети за судиите, јавните обвинители и за нивните соработници на актуелни теми како што се: антидискриминација и превенција и борба против трговијата со луѓе.

Во рамки на соработката помеѓу Академијата и Хоризонталниот инструмент за Западен Балкан и Турција – фаза II, кон крајот на 2021 година предвидено е да се реализираат две обуки за трговија со луѓе заради трудова експлоатација (една основна и една напредна). Целни групи на овие обуки се трудовите инспектори, полициските инспектори, социјалните работници и НВО, судиите и јавните обвинители, но тие би се реализирале кога ќе постојат услови за одржување на обуки во живо. Во однос на Законот за надомест на штета од државен фонд за жртви на насилни кривични дела, а по неговото усвојување, кон крајот на 2021 или средината на 2022 година ќе се реализираат обуки и студиска посета во кои ќе бидат вклучени и судии.

- **ЕУ ТВИНИНГ-проект за јакнење на институционалните капацитети на истражувачките центри**

Во 2021 година во рамките на ЕУ твинигн-проектот за јакнење на институционалните капацитети на истражувачките центри, што се спроведува во соработка ЕУ, СР Германија и Р. Хрватска, во периодот од 12 до 23 април предвидено е да се спроведат обуки за јавните обвинители и за истражителите што ќе бидат посветени на финансиските истраги и на истражните мерки. Во рамки на втората активност од овој проект ќе бидат спроведени и обуки за одземање имот. Со оглед на состојбата со пандемијата овие обуки ќе бидат организирани онлајн. Директорката на Академијата, проф. д-р Наташа Габер Дамјановска е член на Управниот одбор на Проектот.

- **iPROCEEDS-2**

Академијата ќе ја продолжи соработката со iPROCEEDS-2, проект во рамки на Совет на Европа и на Европската Унија од областа на сајбер-криминалот. Проектот iPROCEEDS-2 е наменет за таргетирање на криминални дејствија и обезбедување електронски докази. Академијата во текот на 2021 година ќе продолжи со активности во рамки на Проектот. Предвидено е реализирање на воведен курс изработен од Советот на Европа - специјализиран курс за меѓународна соработка за судии и јавни обвинители. Темата на овој 3-дневен курс е соработката и координацијата меѓу различните јурисдикции во борбата против компјутерскиот криминал при стекнувањето дигитални докази. Со оглед на состојбата со светската здравствена криза и со препорачаните протоколи и мерки од Владата на Северна Македонија, истиот ќе се реализира онлајн.

Покрај судии и јавни обвинители, овој курс ќе го следи и тимот на национални предавачи, кои од самиот почеток учествуваат во реализирање на активностите помеѓу Академијата и iPROCEEDS. По завршување на курсот, националните обучувачи имаат обврска, со поддршка на меѓународни експерти, на почетокот од септември 2021 година да спроведат обука наменета за судии и јавни обвинители, на истата тема.

- **ИПА-проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото во Северна Македонија“**

Проектот „**Поддршка на ЕУ за владеење на правото**“ е дел од поголемата акциска програма опфатена во акцискиот документ ИПА II 2020 Северна Македонија „ЕУ за владеење на правото“. Целта на Проектот е да го поддржи владеењето на правото во согласност со европските и со меѓународните стандарди. Проектот е поделен на четири компоненти коишто се поврзани.

Компонентите понатаму се дефинираат преку резултатите и активностите што треба да ги постигне Проектот .

Компонента 1. Зајакнување на капацитетите на институциите на правдата за да се донесе правда на транспарентен и на одговорен начин.

Компонента 2. Зајакнување на капацитетите за ефикасно спроведување на современи истражни техники во борбата против организираниот криминал.

Компонента 3. Подобрување на превенцијата и борбата против корупцијата.

Компонента 4. Зајакнување на заштитата на основните права и зајакнување на примената на алтернативни средства за притвор.

Резултат 1.4 Зајакнати капацитетите на институциите што служат на судскиот сектор (особено на Академија за судии и јавни обвинители)

Академијата за судии и јавни обвинители игра клучна улога во однос на одржувањето на квалитетот на работата на судиите и обвинителите, бидејќи е единствената институција што ја обезбедува потребната правна обука и ја гарантира надградбата на професионалното знаење. Редовното присуство на релевантни обуки што ги обезбедува Академијата за судии и јавни обвинители, мора да стане убедлив аспект на професионалното однесување за секој судија и обвинител во земјата. Затоа, квалитетот на обуките, обезбедени од Академијата, треба и понатаму да се развива и да се усогласува.

Активност 1.4.1. Натамошен развој на почетната обука

Академијата за судии и јавни обвинители е единствената влезна точка во судскиот систем во земјата. Затоа, сите млади правници, кои ги завршуваат своите универзитетски студии, како и сите други кандидати, кои можеби доаѓаат од други правни стручни области, како што се приватните адвокати, ќе треба да поминат интензивна почетна обука за да се запознаат со потребите и со подробностите на судството. Оваа обука треба да ги опфаќа сите релевантни области на секојдневната работа на судија/обвинител и ќе биде спроведена не само од професионални обучувачи туку особено и од практичари од судскиот систем. Во случај на недостаток на локални правни практичари, поддршката ќе ја даваат меѓународни краткорочни експерти.

Активност 1.4.2. Натамошен развој на континуирана обука

Освен тоа, квалитетот на работата на активните судии и обвинители треба да биде на што повисоко ниво. Затоа, од клучно значење е да се изготви програма за континуирана обука, што ги опфаќа сите релевантни области на секојдневната работа на судиите и обвинителите, со што ќе се земат предвид и новите, досега непознати предизвици и за судството (на пример, како да се постапува со случаите на реституција по завршувањето на системот на социјалистичка сопственост, алатки за ефикасна борба против корупцијата и организираниот криминал итн.). Ваквата програма за обука треба да се ажурира барем на годишно ниво. Онаму каде што не можат да се најдат локални обучувачи, поддршка ќе даваат

меѓународни експерти. Оваа обука ќе биде надополнета со четвртата компонента, со нова обука за човечките ресурси во наставната програма за обука.

- **ЕИПА**

Европскиот институт за судии и правници од Луксембург, ќе ја продолжи соработката преку реализација на заеднички обуки со нивни експерти на одделни теми од правото на ЕУ. Во периодот од мај до октомври 2021 година ќе се реализираат четири дводневни настани на тема „Дигитални правда - дигитални технологии во корист на правниот систем и како да се отстранат пречките за пристап до правдата во граѓанските предмети“, „Дигитална кривична правда“, „Управување и етичко лидерство во судовите и јавните обвинителства“ и „Нови пристапи кон форензиката“.

Исто така, во рамки на Отворениот каталог за обуки на ЕИПА, ќе продолжи учеството на судии и јавни обвинители од нашата држава, кои во претходните години ги следеа обуките во Луксембург, но во текот на 2021 година, поради тековната состојба со пандемијата, истите ќе бидат организирани онлајн.

- **Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје – оддел за владеење на правото**

Планираните активности во рамки на соработката помеѓу Академијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во текот на 2021 година ќе се реализираат преку настани што ќе бидат посветени на антидискриминационото законодавство и на концептот на еднаквост, на криминалот од омраза, на Законот за кривична постапка, за теми од КЗ и ЕКЧП. Во согласност со предвидената динамика планирана е една дводневна обука на тема поврзана со Европската конвенција за човекови права и работата на Европскиот суд за човекови права. Зависно од состојбата со вирусот Ковид-19, планирано е обуката да се реализира со физичко присуство, но во случај на продолжување на ситуацијата, ќе биде одржана онлајн. Исто така предвидена е реализација и на две онлајн обуки, што ќе бидат организирани во период од 3 дена, на теми од областа на кривични дела поврзани со интернетот и дигиталните докази. Овие обуки ќе бидат организирани во соработка со Државната правосудна академија на Франција. Едната обука ќе биде наменета за кандидатите во Академијата како дел од нивната почетна обука, додека другата ќе биде организирана за практичарите како дел од нивната континуирана обука. Мисијата на ОБСЕ исто така ќе ја поддржи организацијата на две обуки за е-учење и истите ќе бидат достапни на моменталната е-платформа што е овозможена со поддршка од Мисијата на ОБСЕ. Во рамки на оваа соработка за тековната 2021 година предвидени се и две обуки за меѓународните стандарди

за родово насилство против жените и девојките, со кои треба да бидат опфатени 40 правни практичари. Во втората половина на 2021 година се планира реализација на две обуки (ТОТ-обуки) за судиите во врска со зајакнување на капацитетите на правосудството во обласга на справување со злосторството од омраза. Првата ќе биде наменета за обука на правните практичари за злосторство од омраза, кои пак, во вториот дел, односно во рамките на реализцијата на втората обука ќе бидат во улога на обучувачи и ќе го пренесат своето стекнато знаења на своите колеги.

- **УНХЦР**

Во своите програми за едукација Академијата посветува особено внимание на обуката на судиите и јавните обвинители во областа на човековите права. Во тие рамки, долгогодишната соработка со Канцеларијата на УНХЦР во Скопје, во правец на јакнење на капацитетите на управното судство и на другите релевантни институции во Република Северна Македонија, за правилно разбирање на правото за бегалците и принципите на азилот и за поттикнување на развојот на домашната управна и судска пракса во целосна согласност со владеечките меѓународни правни стандарди, продолжува и во 2021 година со организација на обуки за „Правото и праксата во заштитата на бегалците“ и на други едукативни содржини. Земјаќи ги предвид околностите со светската здравствената криза, Академијата и УНХЦР предвидуваат и студиски посети на судиите и јавните обвинители на Европскиот суд за човекови права, како и развивање курикулуми за правото на бегалците и азилот. На веб-страницата на Академијата веќе е прикачена Програмата на УНХЦР за изучување на имиграциското право (во форма на курсеви што се достапни за корисниците на Академијата), и истата ќе можат да ја поминат сите заинтересирани. Со оваа соработка се предвидува натамошно развивање на е-курсевите и обуките што ќе бидат достапни за судиите и јавните обвинители, и за слушателите на програмата за почетна обука на Академијата. Академијата на почетокот на 2021 година доби и техничка опрема од УНХЦР, со што се потврдени заложбите на УНХЦР за поддршка на работата на Академијата.

- **Инструментот TAIEX за техничка помош и размена на информации при Европската комисија на Европската Унија**

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во текот на 2021 ќе ја продолжи соработката со инструментот TAIEX за техничка помош и за размена на информации при Европската комисија на Европската Унија. Со оглед на тоа дека Академијата ги реализираше сите апликации што беа одобрени во изминатите години, во текот на 2020 година, подготви и достави една TAIEX

апликација со предлог за реализација на обука на тема „Заштита на деловната тајна во меѓународното право“ што беше процесирана на почетокот од 2021 година. Во тековната 2021 година предвидено е да бидат изготвени и нови апликации за реализиција на нови обуки од областа правото на ЕУ и на меѓународното право, на следниве теми: „Постапување и извршување по одлуките на ЕСЧП“, „Праксата на ЕСЧП во однос на пресуди од работен однос со акцент на дискриминацијата“, „Меѓународна соработка во кривична материја – екстрадиција со практични примери (различни аспекти)“, „Постапките за јавни набавки во ЕУ и улогата на OLAF“, „Форензички истраги и најдобрите практики на ЕУ (примена на нови научни методи)“ и „Поништување на штетни договори и постапката на Арбитражниот суд во Париз“.

- **EJTN**

Особено значајна е соработката со Европската мрежа за судска обука (EJTN). Имено, Академијата активно учествува во активностите на EJTN преку реализација на Програмите за размена на судии, на јавни обвинители и едукатори, како и преку реализација на обуките што се предвидени во Каталогот на обуки на EJTN, и што се наменети за судии и јавни обвиниели како и за слушатели на почетна обука. Имено, во 2020 година, соработката помеѓу Академијата и EJTN се интензивираше и покрај тоа што сите активности целосно се одвиваа онлајн. Судиите и јавните обвинители покажаа зголемен интерес за следење на онлајн настаните што беа во организација на EJTN, а за кои Академијата редовно известуваше на својата веб-страница, создавајќи можности за нивно следење. Во 2021 година ова соработка ќе ја задржи истата динамика. Сите активности ќе продолжат да се одвиваат онлајн сè до завршувањето на светската здравствена криза предзвикана од вирусот Ковид-19.

- **Амбасада на САД во Република Северна Македонија**

Во текот на 2021 година, во соработка со Амбасадата на САД во Република Северна Македонија, предвидено е да се одржат тематски обуки што се поврзани со најактуелните теми од областа на правото во чиј фокус ќе бидат пред сè оние што се дефинирани како позначајни во насока на унапредување на ефикасноста на правосудниот систем на Северна Македонија.

Во рамки на соработката со УСАИД и со Транспаренси Интернашионал Македонија, предвидена е реалзиација на проектот „Зајакнување на капацитетите на иституциите во борбата против корупцијата“, во чии рамки ќе се реализираат обуки што се поврзани со корупцијата, со конфискацијата на имот, со

финансиските истраги и т.н., кои покрај судиите и јавните обвинители ќе ги опфатат и претставниците на релевантните институции што дејствуваат во оваа област.

- **DCAF**

Спроведување на мерките за следење на комуникациите е темата на која Академијата и DCAF – женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, во согласност со договорените обврски во рамки на воспоставената соработка во месец јануари 2021 година реализираа две обуки со што завршува првата фаза, а веќе од месец април 2021 ќе започне реализацијата на активностите од втората фаза. Во зависност од интересот, ќе се продолжи со онлајн обуките, а доколку овозможуваат условите, ќе се премине на настани/обуки со физичко присуство. Овие обуки ги спроведува тимот на обучувачи од Академијата, а коишто се и автори на Прирачникот за спроведување на мерките за следење на комуникациите, кој се користи како работен материјал.

- **ИРЗ – германската фондација за меѓународна правна соработка**

Во рамки на соработката со ИРЗ, за 2021 година предвидени се повеќе обуки на актуелни теми од областа на право на ЕУ, посебно со фокус на медијацијата и човековите права низ призмата на легислативата на СР Германија.

Во првото тромесечие на 2021 година веќе се реализираше една обука посветена на медијацијата како алтернативно решение во судските спорови.

Исто така ќе се продолжи и со праксата за праќање на судија во Германија, за да учествува на двонеделната програмата за размена на судии од граѓански и трговски оддели од повеќе земји, доколку дозволуваат приликите, кои се отежнати поради неизвесноста предизвикана од глобалната пандемија.

- **Амбасада на Република Франција**

Продолжува неколкугодишниот договор и во 2021 година, за соработка во областа на правосудството, за соработка со Националната школа за магистрати, во почетната и континуираната обука (ЕНМ), за часови по француски јазик, за унапредување на капацитетите на правосудните институции во земјата преку организација на обуки за актуелни теми од областа на правото, за учество на кандидатите од почетна обука на натпревари во организација на Француската амбасада и Државната правосудна академија ЕНМ, за размена на кандидати од

двете правосудни институции, за обуки на селектирани теми особено за управно судство и стаж во ЕСЧП од страна на националните судии. Поради пандемијата, во 2021 година овие активности беа откажани, но Академијата и понатаму останува отворена за сите заинтересирани кандидати од ЕНМ кои во иднина ќе ја одберат Северна Македонија за реализација на нивниот задолжителен стаж. Истовремено, ќе продолжи и реализицијата на часови за изучување францускиот јазик.

- **Турска агенција за координација и соработка во Република Северна Македонија – ТИКА**

Во рамки на долгогодишната успешна соработка со ТИКА и со Правосудната академија на Република Турција, во текот на 2021 година предвидена е реализација на активностите што беа договорени во 2022 година, но коишто поради состојбата со пандемијата не се реализираа. Дел од овие активности опфаќаат состаноци помеѓу претставниците на горенаведените институции и Академијата.

На почетокот од годината Правосудната академија на Република Турција организираше онлајн настан за трговија со луѓе и бегалците, на којшто учеството на претставниците од нашата држава беше од посебно значење во поглед на размената на искуства. На настанот беа опфатени повеќе сегменти што се однесуваат на тематиката, како што се меѓународното право и трговијата со луѓе, борбата против трговијата со луѓе во Турција, меѓународниот закон за бегалци и правните лекови за бегалците во турскиот закон.

Планирани се студиски посети за размена на искуства помеѓу правните практичари на двете земји, пристап до законските и подзаконските акти со кои е регулирано функционирањето на UYAP-центарот како пример за ефикасно софтверско решение за следење на судските предмети, понатаму предвидена е реализација на посета на Правосудната академијата на Турција од страна на слушателите на почетна обука на Академијата, Исто така, планирани се и предавања од страна на директорот на Академијата и претседателот на Уставниот суд на РСМ во рамки на програмата за почетна обука на тема уставно право, а истовремено од посебно значење за правосудниот систем на нашата држава ќе биде и одржувањето обуки во соработка со експерти по уставно право од Република Турција кои ќе ги пренесат своите искуства во постапувањето врз основа на уставно тужба/жалба.

## 8. Информатички технологии (IT)

Академијата за судии и јавни обвинители планира надградба на постојниот систем за управување со содржини (CMS) со два нови модули, со судска база на податоци на Европскиот суд за човекови права на македонски јазик и со библиотека за вкрстено поврзување на статии од националното законодавство. За таа цел се предвидува пренос и интегрирање на старите податоци од постојниот CMS на нов, и развивање на модулот за базата на податоци на судската пракса на Европскиот суд за човекови права на македонски јазик (развој на модул за вкрстено поврзување на написи од националното законодавство). Базата на податоци на судска пракса на Европски суд за човекови права на македонски јазик ќе содржи список (внесен од страна на вработените од Академијата за судии и јавни обвинители) со најновите пресуди од Европски суд за човекови права, кој ќе може да се пребарува и ќе има опција за филтрирање на резултатите од пребарувањето. За секоја пресуда ќе има опција за преземање во PDF-формат преведен на македонски јазик и линк до пресудата за веб-страница на Европскиот суд за човекови права.

Модулот за вкрстено поврзување на статии од националното законодавство со написи и со стандарди на меѓународни инструменти за човекови права (е-библиотека), ќе содржи список (внесен од страна на вработените од Академијата за судии и јавни обвинители) на написи од системот за заштита на човековите права преку Европскиот суд за човекови права и од системот за заштита на човековите права во рамки на Обединетите нации.

## 9. Одржување и редовно ажурирање на веб-страницата

Академијата како модерна и професионална институција посветува посебно внимание на транспарентното работење и за таа цел, ќе продолжи редовно да ја одржува редизајнираната веб-страница преку која се влегува во новиот веб-портал на Академијата. Корисничкиот интерфејс им овозможува побрз и полесен пристап до содржината на веб-страницата на сите заинтересирани граѓани, а истовремено нуди и објавување на поголем број информации.

За таа цел Академијата во континуитет ја унапредува функционалноста на својата веб-страница, за што голема заслуга имаат странските поддржувачи на Академијата како што се Амбасадата на САД со чија помош се редизјанираше веб-страницата, и Советот на Европа со чија финансиска поддршка во 2021 година ќе се развие електорнската библитека, а истовремено ќе се обезбеди и пристап до релаванти правни датабази што ќе бидат од посебно значење за крајните корисници на услугите на Академиајта.

Веб-страницата ќе продолжи да биде медиум за објавување на сите позначајни активности, но и за пристап на сите заинтересирани во е-системот, е-учењето и е-библиотеката. Исто така, со интегрирање на базата на податоци од библиотеката, веб-страницата овозможува многубројни материјали во електронска форма, како и влез до онлајн ресурси на други институции.

За зачувување на современиот изглед на веб-страницата и на нејзината содржина, неопходно ќе биде и во текот на 2021 година секојдневно одржување, навремено објавување на сите тековни и идни настани, како и на важечките домашни и меѓународни прописи.

## 10. **Библиотека**

Академијата води постојана грижа за збогатување на библиотечниот фонд со домашна и странска правна литература и со стручни списанија, како и за набавка на законски текстови во согласност со тековните измени, а особено за развивање на богата референтна литература за одделните модули со референтните директиви и регулативи на ЕУ, пресуди на Судот на правдата во Луксембург и Европскиот суд за човекови права, со референтните документи на Советот на Европа и на Обединетите нации.

Во насока на поголема транспарентност и поширок пристап на стручната јавност до што поголем број информации од областа на правото и пристап до правните системи на земјите од Европа и светот, библиотеката на Академијата ќе продолжи со континуирано објавување на својата веб-страница на стручна литература, списанија и ќе воведе претплата на релевантни бази на литература. Со финансиска поддршка на Совет на Европа во тековната 2021 година ќе се криера електорнска библиотека, чија функционалност ќе биде модерна и истовремено едноставна за користење. Истовремено, важен сегемент е и тоа што во рамките на оваа поддршка е предвидено да се обезбеди и претплата до релевантни правни датабази што ќе понудат многу повеќе текстови и корисни содржини за судиите и јавните обвинители на Северна Македонија, т.е. за корисниците на Академијата.

11. **Буџет и инвестиции**

Што се однесува до буџетот и инвестициите, една од приоритетните инвестициски активности на Академијата е обезбедување адекватен деловен простор што ќе ги задоволува потребите за непречено и ефикасно реализирање на програмите за почетна и за континуирана обука.

И во наредниот период Академијата ќе ги извршува своите финансиски и буџетски активности во согласност со законските прописи од оваа област, целосно почитувајќи ги насоките што се дадени од Судскиот буџетски совет во поглед на реално планирање на потребните средства, како и за ефикасно менаџирање со одобрените финансиски средства.

На Академијата за судии и јавни обвинители за 2021 година ѝ е одобрен буџет во износ од 71 300 000,00 денари. Во споредба со 2020 година одобрениот буџет е за 4,9% помал. Со овие одобрени средства во 2021 година Академијата има обврска да ги намири обврските што се пренесени од 2020 година, како и да ги реализира активностите што ќе се преземат во тековната година.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“

Претседател на Управен одбор,

д-р Лазар Нанев